Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

Број. 04 - 5 / 1(25)
Дата: 08/01 / 2025, Скопје

Врз основа на член 81 став 6 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ( "Службен весник на РСМ " бр. 151/22 и 208/24), а во врска со јавниот оглас за вработување на финансиски разузнавачи бр.04-5/86 (24) од 02.12.2024 година, в.д директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на 1 (еден) извршител - за работно место помлад разузнавач за меѓународна соработка

1. За извршител на работно место помлад разузнавач за меѓународна соработка во Одделението за меѓународна соработка во Секторот за надзор, регулатива и меѓународна соработка, шифра УФР 02 10 Б04 001 се избира кандидатот Алил Фетаи.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на в.д директорот на Управата за финансиско разузнавање бр.04-5/97 (24) (24) од 10.12.2024 година во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по огласот за вработување на финансиски разузнавач бр. 04-5/86 (24) објавен во дневните весници "Слободен печат" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место.

Комисијата достави записници од постапката за административна селекција бр.04-5/99 (24), записник од спроведен писмен испит бр. 04-5/103 (24), и записник бр. 04-5/110 (24) од спроведеното интервју.


Министерство за финансии на Република Северна Македонија Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 6ТИ кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

Врз основа на записникот бр. 04 -5/110 (24) од спроведеното интервју, како последна фаза од постапката за вработување, изготвен од страна на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач, Комисијата му предложи на в.д директорот да спроведе интервју со кандидатот Алил Фетаи како единствен пријавен кандидат на јавниот оглас, на негов конечен избор.

Кандидатот Алил Фетаи освои вкупно 72 бода, од кои 57 бода освоени на писмениот испит и 15 бода освоени на интервјуто е прворангиран и единствен кандидат за работното место помлад разузнавач за меѓународна соработка, во Одделението за меѓународна соработка во Секторот за надзор, регулатива и меѓународна соработка.

Врз основа на изготвениот записник и предлогот на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач во Управата за финансиско разузнавање, в.д директорот на Управата за финансиско разузнавање го повика лицето Алил Фетаи на интервју.

По спроведеното интервју од страна на в.д директорот, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По завршувањето на постапката за избор в.д директорот на Управата за финансиско разузнавање ќе донесе Решение за вработување.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот приемот на писменото известување за избраниот кандидат.

в.д Директор
u.d Drejtor

Kujtim Ibishi


Министерство за финансии на
Република Северна Македонија
Управа за финансиско разузнавање

Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 6ти кат, Скопје

+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk